Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

# Правилник
## за мерила и критериуми за распоредување на средства за државните основни училишта

Скопје, 2025 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19 и 121/24) и член 160 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25 ), министерката за образование и наука донесе

# Правилник
## за мерила и критериуми за распоредување на средства за државните основни училишта

### Член 1

Со овој акт се утврдуваат мерилата и критериумите за распоредување на средства за државните основни училишта, за ставките и потставките од буџетските категории 42-стоки и услуги, 46-субвенции и трансфери и 48-капитални расходи.

Пресметките за распоредување на средствата се вршат врз основа на показатели за Државните основни училишта и согласно со расположливите средства утврдени во Буџетот.

Средствата на Државните основни училишта се распоредуваат со финансиски планови согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

### Член 2

Средствата од ставка 420- Патни и дневни расходи се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

### Член 3

Средствата од ставката 421- комунални услуги, греење комуникација и транспорт се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

а) Средствата за електрична енергија, вода и канализација, ѓубретарина се распоредуваат и тоа:

1) За државните основни училишта ОУРЦ„Д-р Златан Сремец"- Скопје (100%), ОУРЦ „ИДНИНА" –Скопје (100%), ОУРЦ „Св. Климент Охридски" - Ново Село (100%),

ОУРЦ „Маца Овчарова“- Велес (100%), ОУРЦ„Кочо Рацин“ –Битола (100%), Државно основно училиште за возрасни и деца во воспитно поправни установи „Антон Семјонович Макаренко“- Скопје (100%) од износот на фактурите

2) За паралелките во кои се реализира основно музичко образование во ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“-Скопје (50%), ДМУЦ „Сергеј Михајлов“- Штип (50%), ДМУ „Тодор Скаловски Тетоец“-Тетово (50%) и Државно музичко училиште –Битола (100%) од износот на фактурите.
3) Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ -Скопје (50%).

б) Средствата за ПТТ и други трошоци за комуникација се распоредуваат според бројот на паралелки-воспитни групи и тоа:

до 10 паралелки ................................ до 96.000 денари годишно
од 11-20 паралелки.......................... до 120.000 денари годишно
од 21 паралелка и повеќе...............до 144.000 денари годишно

За државните училишта во кои се реализира основно музичко образование во ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“-Скопје, ДМУЦ „Сергеј Михајлов“- Штип , ДМУ „Тодор Скаловски Тетоец“-Тетово и Државно музичко училиште –Битола се распоредува до 48.000 денари годишно.

в) Средствата за затоплување со ЕЛ-1 (екстра лесно масло за затоплување) се распоредуваат според површината која се затоплува, бројот на смени и цената утврдена од Регулаторната комисија за енергетика објавена во периодот кога се изготвува финансискиот план за распоредување на средствата.

1) Сопствено греење на течно гориво:

| Број на смени | Количина во литри по 1 м2 на површина што се затоплува | |
|---|---|---|
| | Основен норматив | Норматив за екстремни услови |
| една смена и половина | 10 | 12 |
| две смени и половина | 12 | 14 |
| три смени | 14 | 15 |
| ученички дом во состав на училиштето | 16 | 16 |

Со посебно решение на министерот за образование и наука се одредува за кои училишта и кога се применува нормативот за затоплување во екстремни услови.

2) Централно греење и др. вид на затоплување:

-за основните училишта со ресурсни центри кои користат централно греење и Државно основно училиште за возрасни и деца во воспитно поправни установи „Антон Семјонович  Макаренко“- Скопје (100%) од износот на фактурите;

-за Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ -Скопје и  ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“-Скопје (50%) од износот на фактурите;

г) Средствата за останатите потставки се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

**Член 4**

Средствата од ставката 423- материјали и ситен инвентар се распоредуваат со финансиски план според бројот на паралелки-воспитни групи и тоа:

до 10 паралелки .................................до 192.000 денари годишно
од 11-20 паралелки........................... до 312.000 денари годишно
од 21 паралелка и повеќе............... до 384.000 денари годишно

За паралелките во кои се реализира основно музичко образование во ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“-Скопје, ДМУЦ „Сергеј Михајлов“- Штип, ДМУ „Тодор Скаловски Тетоец“-Тетово и Државно музичко училиште –Битола се распоредуваат до 120.000 денари годишно.

**Член 5**

Средствата од ставката 424-поправки и тековно одржување се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

**Член 6**

Средствата од ставката 425-Договорни услуги се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

**Член 7**

Средствата од ставката 426-Други тековни расходи се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

**Член 8**

Средствата од ставката 464-Разни трансфери се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

Средствата за ужинки, продолжен престој и сместување во ученички дом-интернат за учениците со посебни образовни потреби, се распоредуваат согласно посебно решение од министерот за образование и наука за висината на партиципацијата за ужинки, продолжен престој и сместување во ученички дом-интернат и бројот на корисници.

За основните општински училишта од општина Пласница (додека општината е во прва фаза на децентрализација) се распоредуваат средства со финансиски план и тоа: за отпремнини за пензионирање, јубилејни награди и парична помош, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година.

**Член 9**

Средствата од ставката 480-Купување на опрема и машини, 482-Други градежни објекти и 483-Купување на мебел, се распоредуваат со финансиски план, согласно законските прописи и вкупните средства за оваа намена утврдени со Буџетот и Законот за извршување на Буџет за фискалната година

Средставата од ставката 486-купување на возила се одобруваат со посебно решение на министерот за образование и наука по доставено барање од училиште со образложение за потребата и проценка на набавна вредност на возилото.

**Член 10**

Министерството за образование и наука во зависност од одобрените средства во Буџетот за тековната година за Програма 2, Потпрограма 20, сметката буџетски расходи за ставките и потставките од буџетските категории 42-стоки и услуги, 46-Субвенции и трансфери и 48-Капитални расходи, може да изврши измена на финансиските планови на средствата кои се распоредуваат на Државните основни училишта.

**Член 11**

Државните основни училишта се обврзуваат средствата да ги користат наменски и рационално, согласно законските прописи, подзаконските акти, интерните акти и највисоките стандарди на етичко однесување.

**Член 12**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за мерила и критериуми за распоредување на средства за материјални трошоци за државните основни училишта бр.12-15837/1 од 30.12.2022 година.

**Член 13**

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р**

Бр. 12-15999/1
19.12.2025 година
Скопје